# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Службен весник на РМ, бр. 6 од 15.01.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за основање на Универзитет за информатички технологии ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008 и 48/2009), насловот на Законот се менува и гласи:
"Закон за основање на Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"."

**Член 2**

Во членот 1 зборовите: "Универзитет за информатички технологии" се заменуваат со зборовите: "Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"".

**Член 3**

Во членот 2 по зборот "информатичките" се додаваат зборовите: "науки и".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".